Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-429/3
11.02.2025

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

# ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
## на Урбанистички проект за село за изградба на згради за домување на К.П. 526/2, КО Петровец, Општина Петровец

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Друштво за градежништво, проектирање, трговија и услуги СТАН АРТ ДОО Куманово** во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-429/1 од 06.02.2025 год, за одобрување на Урбанистички проект, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 ,111/23 и 171/24), го издава следното:

**РЕШЕНИЕ**

Се одобрува Урбанистички проект за село за изградба на згради за домување на К.П. 526/2, КО Петровец, Општина Петровец, со технички број: 09.01.02/25 од 02/2025 год изработен од Друштво за градежништво, проектирање, трговија и услуги СТАН АРТ ДОО Куманово

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за градежништво, проектирање, трговија и услуги СТАН АРТ ДОО Куманово, поднесе барање за одобрување на Урбанистички проект за село за изградба на згради за домување на К.П. 526/2, КО Петровец, Општина Петровец со технички број: 09.01.02/25 од 02/2025 год.
Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)
2. Ажурирана геодетска подлога (dwg)
3. Извод од урбанистичка документација
4. Геодетски елаборат
5. Полномошно
6. Податоци информации и мислења од релевантни институции
7. Урбанистички проект (pdf.dwg)
8. Ревизија на Урбанистички проект.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-59/1 од 10.01.2025 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект со тех.бр. 09.01.02/25 од 02/2025 год може да се одобри. Истото го потврди со

мислење од комисија со бр. 09-429/2 од 10.02.2025 година.

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 ,111/23 и 171/24). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Градоначалник**
**Борче Митевски**